**Вон. проф. д-р Ице Илијевски**[1]
**Вон. проф. д-р Ангелина Станојоска**[2]
**Доц. д-р Ивона Шушак Лозановска**[3]

# УНАПРЕДУВАЊЕ НА МЕХАНИЗМИТЕ ЗА ПРЕВЕНЦИЈА И ЗАШТИТА ОД СЕКСУАЛНО ВОЗНЕМИРУВАЊЕ НА УНИВЕРЗИТЕТИТЕ ВО РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

**1.01 Изворна научна статија**
**УДК 364.633:378.4(497.7)**
**364.633:305-055.2**

**Апстракт**

Сексуалното вознемирување на универзитетите претставува значителна закана за благосостојбата и условите за студирање и работа на студентите и вработените на универзитетите. Исто така, претставува сериозен проблем што може да предизвика широк спектар на емоционални и физички проблеми за жртвите.
Целта на трудот е подобрување на механизмите за превенција и заштита од сексуално вознемирување на универзитетите во Република Северна Македонија преку истражување на клучните компоненти како усогласување на законските процедури и стандарди, едукација за превенција, подигнување на свеста за пријавување, достапни механизми за известување, услуги за поддршка насочени кон жртвата и мерки за одговорност и казнивост. Најважно е да се создаде безбедна и инклузивна средина за еднаков пристап до образованието спречувајќи негативни последици и трауми.
Во трудот се нагласува важноста на сеопфатните механизми за создавање универзитетски средини каде што сите поединци ќе може да напредуваат ослободени од заканата од сексуално вознемирување.

**Клучни зборови**: сексуално вознемирување, превенција, механизми, универзитети.

## ВОВЕД

Концептот на родово засновано насилство ги опфаќа појавите како што се полово вознемирување, сексуално вознемирување, полов напад, сексуално насилство на состаноци (date rape), како и многу други форми на насилно однесување спрема жените (Latcheva 2017).

---

[1] Вонреден професор, Правен факултет, Универзитет „Св. Климент Охридски“ – Битола, е-пошта: iilijevski@uklo.edu.mk.
[2] Вонреден професор, Правен факултет, Универзитет „Св. Климент Охридски“ – Битола, е-пошта: angelina.stanojoska@uklo.edu.mk.
[3] Доцент, Правен факултет, Универзитет „Св. Климент Охридски“ – Битола, е-пошта: ivona.susak@uklo.edu.mk.

Сексуалното вознемирување претставува форма на несакано вербално, невербално или физичко однесување од сексуална природа со цел или последица повреда на достоинството на лицето, особено кога се создава заплашувачка, непријателска, деградирачка, понижувачка или навредлива средина (чл. 40, Истанбулска конвенција).

Сексуалното вознемирување ги опфаќа сите дејствија (непристојни сексуални гестови, прикажување фотографии со сексуална содржина или предмети со сексуална конотација, сексистички или хетеросексистички говор, шеги или коментари, итн.), кои може да ги карактеризираме како сексуално вознемирување, но кога тие се поврзани со нечиј род, родов идентитет или сексуална ориентација.

Сексуалното вознемирување не претставува процес на додворување, сексуално допаѓање или сексуална привлечност, затоа што жртвата не го посакува тоа. Тоа значи дека сексуалното вознемирување има сексуален карактер, за жртвата е непријатно и/или таа не го посакува или непријатноста се подразбира (Кенинг 2014).

Оваа негативна појава е распространета на универзитетите и не само што ги повредува правата и достоинството на поединците, туку ги поткопува и основните принципи врз кои се темелат универзитетите. Поради сложеноста на сексуалното вознемирување во универзитетски контекст, се препознава потребата за градење стратегии, кои не само што ќе реагираат на инциденти, туку и ќе ги решаваат основните причини за појава на овој феномен.

Во рамките на трудот ќе биде анализирано сексуалното вознемирување на универзитетите, како и теоретските модели на сексуално вознемирување. Посебно ќе бидат елаборирани механизмите за превенција и заштита, а тоа е заедничка одговорност на сите засегнати страни и бара посветеност и поттикнување на средина ослободена од сексуално вознемирување.

## СЕКСУАЛНО ВОЗНЕМИРУВАЊЕ НА УНИВЕРЗИТЕТИТЕ

Сексуалното вознемирување во академските кругови постои како меѓународно истражувачко поле од 1970-тите години. Истражувањата се фокусирале на појавата и фреквенцијата, како и на последиците од сексуалното вознемирување за жртвите, а со текот на времето може да се забележат промени во однос на законските измени, дискриминацијата и улогата на поединецот (Fitzgerald et al. 1988).

Препознавањето на сексуалното вознемирување во академските кругови како патологија покренува многубројни спорови и сомнежи, бидејќи овој феномен често се третира прилично попустливо како демонстрација на машка сила или флертување, а не како манифестација на вистински сексуален интерес. Сепак, додворувањето или флертувањето обично е интеракција, додека, пак, вознемирувањето е дефинитивно еднострана врска.

Универзитетите поттикнуваат невообичаено блиски релации меѓу вработените на факултетот и помеѓу професорите и студентите. Тие поттикнуваат одреден степен на зависност, наклонетост, другарство или колегијалност, експлицитно споделување на вредностите и лична доверба што има тенденција да ја замагли разликата помеѓу претпоставениот и подредениот. Голем предизвик за универзитетите е вработените на факултетите да разберат дека политиката за сексуално вознемирување се однесува на блиски менторски односи, како што се дипломирани студенти што ги ангажираат како демонстратори и млади докторанди што чекаат унапредување (Howard 2007).

Лицата што се предмет на сексуално вознемирување имаат физички, психолошки и професионални последици, како што се: анксиозност, депресија, физичка болка, намалени можности за развој на кариерата, намалена мотивација и прекин на студиите. Многу од сексуално вознемируваните студенти доживеале негативни ефекти, како што се намалено академско задоволство, негативни перцепции за универзитетот, ангажираност и резултати (Wood et al. 2018).

Речиси шест од десет земји во светот немаат соодветни закони против сексуалното вознемирување во високото образование и во училиштата. Кога се разгледуваат одредени видови сексуално вознемирување, се зголемува бројот на возрасни жени што не се заштитени со законот. За сексуално вознемирување во образованието, 1,5 милијарди жени не се заштитени (55 % од населението) (Tavares & Wodon 2018: 11).

Фокусот на изложеноста на сексуално вознемирување во академската средина традиционално е на изложеноста на студентите, особено во САД, каде што исто така се спроведени најголемиот дел од истражувањата за сексуалното вознемирување. Распространетоста на сексуалните напади врз студенти (првенствено жени) на универзитетите во САД е добро документирана. Податоците сугерираат на тоа дека 22 % од жените на колеџ доживеале насилство во врска, а речиси 20 % доживеале обид за сексуален напад или сексуален напад откако се запишале на колеџ. Виктимизацијата на сексуалното насилство е многу честа кај студентите од колеџ и универзитет во САД. Истражувањето проценува дека 20-25 % од студентките доживеале обид или силување за време на нивните кариери на колеџ (Bondestam & Lundqvist 2020).

Во истражувањето за сексуално вознемирување на шпанските државни универзитети на примерок од 1 521 студент, резултатите покажуваат дека 15,9 % од студентите доживеале барем една епизода на сексуално однесување на уцена и 17,1 % од студентите доживеале најмалку една епизода на вербално сексуално вознемирување (Ferrer-Pérez & Bosch-Fiol 2020).

Во примерок од студенти на универзитетите во Италија, фреквенцијата на вознемирување била 38,3 % кај мажите и 44,2 % кај жените, при што малцинство студенти биле изложени на вознемирување во 2/3 домени, со малку родови разлики. Вознемирувањето било поврзано со ментална вознемиреност и кај жените и кај мажите, иако симптомите биле различни кај двата пола. Машките студенти со изложеност на вознемирување почесто го перципирале своето здравје како „не добро“ и пријавиле симптоми на депресија, додека, пак, жените пријавиле симптоми на паника, дури и по приспособувањето на социјалните фактори и претходното сексуално насилство (Bastiani et al. 2019).

Во студиите се воспоставени нови типови изложеност, а тие се однесуваат особено на сексуалното вознемирување на интернет, каде што преваленцата е алармантно висока во студиите што го анализираат ова прашање во рамките на истражувачкото поле како целина. Меѓу студентите, 43 % пријавуваат одредено искуство со примање вознемирувачки пораки. Во целиот примерок, 34 % од учесниците пријавиле дека се чувствуваат вознемирени, а 37 % од учесниците изјавиле дека се чувствуваат депресивно како резултат на онлајн интеракција (Lindsay et al. 2015: 9).

Во балканскиот регион, најновото истражување е спроведено од Виктимолошкото друштво на Србија, објавено во 2022 година. Резултатите од истражувањето покажаа дека најчести форми на сексуално насилство се вербално или невербално сексуално

вознемирување со 75,3 % и 35 %. Тие се проследени со сексуално вознемирување на интернет, сексторициjа и обид за силување (Nikolic-Ristanovic & Copic 2022: 13).

Во Република Северна Македонија досега (според нашето знаење) не постојат претходни истражувања фокусирани на сексуалното вознемирување на универзитетите, но постојат истражувања што се однесуваат на овој феномен во други општествени сфери и на други места.

Имено, би го споменале истражувањето за сексуалното вознемирување на јавните простори во градот Скопје реализирано од Женска слободна зона во 2020 година, чии резултати покажаа дека најчеста форма на сексуално вознемирување на јавен простор е свиркањето, а потоа дофрлувањето и зјапањето, но и допирањето и грабањето, покажувањето на гениталиите и мастурбирањето (ЖСЗ, 2020: 8).

Потоа, истражувањето на Коалицијата Маргини спроведено на територијата на градот Тетово во 2019 година, чии резултати покажаа дека најчести форми на сексуално вознемирување на јавен простор биле свиркањето, зјапањето, сексистичките коментари, следењето и попречувањето на патот (Коалиција Маргини, 2019).

Претходно, во 2014 година, Здружението за еманципација, солидарност и еднаквост на жените направило истражување поврзано со психичкото и сексуалното вознемирување на работното место, во кое примерокот опфаќал 809 испитанички, а од нив, речиси 17 % биле жртви на сексуално вознемирување на работното место (Здружение за еманципација, солидарност и еднаквост на жените, 2014).

Како и во 2017 година, реализирано од Националната мрежа против насилството врз жените и семејното насилство, во кое дури 86 % од испитаничките, односно 83 % од испитаниците, сексуалното вознемирување го препознавале како облик на сексуалното насилство, а како најчест облик биле посочени непосакуваните допири (Национална мрежа против насилството врз жените и семејното насилство, 2017).

Имајќи ги предвид специфичните околности на универзитетите, треба да се развијат конкретни институционални механизми за регулирање и санкционирање на сексуалното вознемирување. Важен сегмент од него се етичките кодекси на универзитетите, кои се ретки во Република Северна Македонија.

## ТЕОРЕТСКИ МОДЕЛИ ЗА СЕКСУАЛНО ВОЗНЕМИРУВАЊЕ

Од теоретска гледна точка, сексуалното вознемирување е посебна форма на виктимизација, иако дели одредени карактеристики со други форми на сексуалното насилство, сепак има свои, сопствени карактеристики (Gruber & Fineran 2007). Она што го одделува сексуалното вознемирување од другите облици на сексуалното насилство е фактот што тоа е најмногу во корелација со родот и општествената култура, додека, пак, не толку многу со возраста и останатите форми на виктимизација (Benbenisthy & Astor 2005).

Најпознатите теоретски модели што се поврзани со сексуалното вознемирување, пред сè, тоа каде што жртвите се жени, се: пристапот на диференцијација на моќта и моделот на „рутински активности“ што произлегува од криминолошката теорија на рутински активности на Фелсон и Коен.

Голем број од истражувањата поврзани со сексуалното вознемирување на жените се засновани врз диференцијацијата на моќта меѓу родовите и родовата асиметрија во моќта во патријархалните општества, што жените ги прави ранливи на сексуално вознемирување (Bernard & Schaffer 1997; O’Connel & Korabik 2000; Wilson & Thompson 2001).

Уште од многу одамна контролата на криминалот, личната безбедност и избегнувањето на насилната виктимизација биле секогаш поврзувани со индивидуалната одговорност на жртвата, односно жените како потенцијални жртви. Па, така кампањите биле насочени кон насоки како да се облекуваат и да се однесуваат за да го намалат ризикот од виктимизација (Stanko 1992).

Од потенцијалните жртви се очекува да се заштитат од сексуалните предатори, идеја што е тесно поврзана со патријархатот. Родовите очекувања за женственост честопати доведуваат до насилство тогаш кога постои наклонување кон мажественост.

Родовата асиметрија произлегува од општествено-социјалните норми, општествената хиерархија и интерперсоналните карактеристики, а таа може да вклучува формална или неформална моќ.

Овој модел може да биде анализиран во две насоки, односно преку хипотезата што се однесува на „ранливоста на жртвата“, па жртвата што се наоѓа во позиција на послаба општествена моќ е виктимизирана или поради формалната општествена хиерархија (Wilson & Thompson 2001), или индиректно како резултат на културните или социјалните норми (O’Connel & Korabik 2000). Ваквата претпоставка произлегува од перцепцијата на машкото сексуално вознемирување како манифестирање непријателски сексизам од страна на хетеросексуалните мажи врз жени (DeSouza & Solberg 2004) или хомосексуалните мажи (Fiske & Glick 1996; DeSouza & Solberg 2004) поради „одбрана“ на традиционалните родови улоги.

Другата насока е поврзана со претпоставката според која сексуалното вознемирување се случува тогаш кога жените ќе станат општествено моќни, притоа заканувајќи се на машката доминација. Поради тоа, жените што се на повисоки позиции на моќ и авторитет се поранливи на виктимизација од сексуално вознемирување (De Coster et al. 1999).

Моделот на рутински активности, кој е поврзан со криминолошките истражувања на Коен и Фелсон (Cohen & Felson 1979), ги користи трите претпоставки потребни за да може да се случи кривично дело, односно цел што е погодна (носи бенефит за сторителот); погодно место каде што има контакт меѓу сторителот и жртвата; и мотивиран сторител и ниски трошоци (мали можности за откривање и строгост на санкциите).

Барајќи цел што е погодна за сторителот, тој би можел да добие перцепција за бенефит во случаи кога потенцијална жртва би му била посексуализирана личност; или потенцијална жртва чии рутински активности ја зголемуваат можноста на сторителот сексуално да ја вознемирува (Cohen et al. 1981). Неговите трошоци би биле многу пониски доколку потенцијалната жртва би работела во текот на ноќта или за време на викендите, а тоа ја намалува можноста да постои присуство на други лица што би ја заштитиле.

Како комплексно однесување, сексуалното вознемирување уште во деведесеттите години на XX век било опишано како начин да се дојде до сексуален однос и/или злоупотреба или зголемување на моќта (Stringer et al. 1990).

Тангри и соработниците (Tangri et al.) уште во 1982 година опишале три модели поврзани со сексуалното однесување. Тоа се:

- Биолошкиот модел – сексуалното вознемирување е природна сексуална привлечност меѓу луѓето. Мажите имаат посилен сексуален нагон што доведува до тоа да се однесуваат агресивно во сексуален контекст кон жените, но без намера за дискриминација (Berman Brandenburg 1997: 106);

- Организациски модел – причината за сексуалното вознемирување се наоѓа во институционалните структури на општествената моќ;
- Социо-културолошки модел – сексуалното вознемирување е резултат на различната дистрибуција на силата и статусот меѓу половите. Тоа е манифестација на патријархалниот систем, кој создава машки агресивни и женски пасивни норми.

За разлика од нив, Ли и соработниците (Lee et al. 1996) идентификувале пет теоретски модели, односно биолошкиот, развојниот, патолошкиот, злоупотребата на моќта и културните теории.

Всушност, сексуалното вознемирување во своите корени ги вклучува позициите на моќ и општествениот дисбаланс меѓу половите. Ставовите спрема сексуалното вознемирување се поврзани со верувањата за мажите и жените и нивната социјална интеракција. Сексуалното вознемирување е правопропорционално поврзано со сексуалните насилни верувања и ставови, со митовите за силувањето и со родовите стереотипи (Pryor 1987).

Ставовите, вредностите и перцепциите, како и родовите стереотипи се создаваат преку социјализацијата на децата и развојот на нивниот родов идентитет. Понатаму, во текот на детството, стереотипите за родовите улоги се засилени преку медиумите и општеството. Мажите се претставени како активни, независни и агресивни, додека, пак, жените како пасивни, зависни и смирени. Девојките се тие што мора да се заштитат од непосакувани сексуални дејствија, додека, пак, момчињата, кои се физички посилни и сексуално агресивни, „се однесуваат на прифатлив начин" што може да биде оправдан во контекст на нивните родови улоги. Покрај родовата моќ на мажите, би ја додале и моќта на сексуалната ориентација што укажува на доминација на хетеросексуалното мнозинство врз хомосексуалното малцинство.

## МЕХАНИЗМИ ЗА ПРЕВЕНЦИЈА И ЗАШТИТА ОД СЕКСУАЛНО ВОЗНЕМИРУВАЊЕ ВО АКАДЕМСКАТА СРЕДИНА

Подобрувањето на механизмите за превенција и заштита од сексуално вознемирување на универзитетите е суштинско за поттикнување безбедна и инклузивна академска средина. Тоа вклучува:

- **Информирање и едукација на студентите преку: образование во рамките на редовните часови/постојни предмети што се занимаваат со сродни теми, едукативни работилници, семинари, форуми и сл.;**

На факултетите е потребно да се актуализира проблематиката, па покрај нејзиното воведување во стандардните курикулуми на сродните научни дисциплини, потребно е да се организираат и едукативни работилници, а сето тоа со крајна цел, студентите и студентките да се запознаат со различните видови сексуално вознемирување, да се намали толеранцијата на родово базираното насилство, како и да се охрабрат лицата што претрпеле вознемирување да го пријават случајот. Од големо значење е активно вклучување на студентскиот парламент во информирањето и подигнувањето на свеста на студентите.

- **Информирање и едукација на вработените на универзитетите преку: инфо-материјали, форуми, работилници и сл.;**

Бидејќи родовите стереотипи се широко распространети во општеството, се наметнува потреба од дополнително едуцирање на вработените во однос на тоа како тие би можеле да ги диференцираат формите на однесување што вклучуваат сексуално вознемирување, како

и да се запознаат со тоа какви последици може да има таквото однесување врз жртвата. На тој начин тие би биле во можност навреме да забележат, да предупредат, да спречат или да ги намалат негативните последици од овие однесувања.

- **Подигнување на свеста на студентите и вработените за пријавување на сексуалното вознемирување;**

Потребно е да постои достапен и транспарентен механизам за поднесување пријави за сексуално вознемирување, кој ќе обезбедува доверба и заштита на лицето што пријавува ваков вид вознемирување. Исто така, во најкраток можен рок, по добиената пријава, треба да се спроведе разговор со подносителот на пријавата за да се обезбедат потребните релевантни информации.

- **Правно уредување на проблемот на сексуалното вознемирување со донесување универзитетски/факултетски правилници за однесувањето на вработените и студентите;**

Со правилниците е потребно да се разработи недоволната и непрецизна нормираност во законските и/или универзитетските прописи, како и да се развијат специфични институционални механизми што овозможуваат правовремена превенција и интервенција во случај на сексуално вознемирување во академски контекст. Исто така, треба прецизно да се дефинира концептот на сексуално вознемирување и јасно да се предвиди кои однесувања спаѓаат во сексуално вознемирување.

- **Информирање на студентите и вработените за постоењето правилници и други механизми за спречување на проблемите поврзани со сексуалното вознемирување;**

Откако ќе се усвои правилник, потребно е тој да биде лесно достапен за сите заинтересирани страни (да биде поставен на веб-страницата на факултетот, на социјалните мрежи и сл.). Имајќи го предвид фактот дека станува збор за чувствителна тема, вработените и студентите треба да се запознаат со чекорите што може да ги преземат доколку претрпеле некоја форма на сексуално вознемирување, па во таа насока, потребно е дополнително да се промовира овој документ, а не само да се огласи, како што е случај со некои други акти на универзитетот. Исто така, продуктивно би било секоја следна генерација студенти на факултетите да биде информирана за постоењето и содржината на соодветниот правилник.

- **Воспоставување механизми за следење на практичната имплементација на обврските содржани во правилниците;**

Механизмот за редовен мониторинг треба да вклучува систематски пристап на собирање, чување и изнесување податоци за случаите на сексуално вознемирување, вклучувајќи го и бројот на пријавени случаи (формални, неформални, анонимни) и податоци за мерките и дејствијата што се преземени.

Со цел да се развива и континуирано да се подобрува програмата за превенција и интервенција во случај на сексуално вознемирување на факултетите, потребно е и да се спроведуваат редовни истражувања за виктимизацијата на студентите и вработените и на тој начин да се оценува ефективноста на постојните мерки и механизми.

- **Формирање и унапредување на работата на тимот за поддршка на жртвите на сексуално вознемирување и, ако е можно, ангажирање професионалци како дел од тимот за поддршка;**

Потребно е вработените и студентите да ги усвојат основните принципи на комуникација со лица што биле жртви на сексуално вознемирување, а во едукацијата на членовите на

тимот за поддршка, покрај наведеното, посебен акцент потребно е да се стави на пренесувањето особено осетливи лични податоци, документирање на искуството од сексуалното вознемирување, како и концептот на давање на самата поддршка. Овие чинители не само што треба да бидат запознаени со интеринституционалната постапка, туку треба да бидат запознаени и со надлежноста на релевантните служби, како и државни и невладини организации што обезбедуваат психолошка и правна поддршка на лицата што претрпеле сексуално вознемирување, со цел тие да може да ги упатат кон релевантните актери.

- **Создавање безбедна средина на факултетите;**

Потребно е да се обезбеди подобар надзор/контрола врз работата на вработените на факултетите. Некои држави предвидуваат воведување видеонадзор за откривање на сексуалното вознемирување. Од превентивен аспект, исто така, може да биде и обврската за присуство на трети лица за време на испитот/консултациите, како и обврска вратата од канцеларијата/училницата да биде отворена за време на испитот/консултациите.

- **Создавање и негување атмосфера на сигурност и доверба меѓу сите членови на академската заедница.**

Препораките за превенција од сексуално вознемирување подразбираат поблизу дефинирани концепти на сексуално вознемирување, забрана за такво однесување, превентивни мерки и процедури за заштита на лицата од сексуално вознемирување, со цел градење и зачувување на принципите на академски слободи, еднакви можности и услови за студирање, почитување на интегритетот и човечкото достоинство на сите учесници во процесот на високото образование.

*Шематски приказ. Дејствување во случај на сексуално вознемирување.*



## ЗАКЛУЧОК

Иако е важно да се наведе дека сексуалното вознемирување нема да се толерира, не е доволна само изјавата. Треба да покажете нетолеранција кон сексуалното вознемирување. Потребно е градење доверба и охрабрување на студентите да пријавуваат случаи на сексуално вознемирување. Со кампањи и едукација на студентите може да се подигне свеста за проблемите со сексуалното вознемирување и да се избегнат какви било околности што предизвикуваат сексуално вознемирување.

Ако универзитетите сакаат да го спречат сексуалното вознемирување, тие треба да излезат со најдоброто решение за да се спречи и да се превенира овој проблем. За да се задржи имиџот на универзитетите и да се обезбеди доверба од студентите, секој универзитет треба да има своја стратегија за спречување на сексуалното вознемирување. Основна цел треба да биде поттикнување дијалог и подигање на нивото на свесност на заедницата за тоа како да се спречи сексуално вознемирување. Универзитетите треба да дизајнираат и да спроведат протоколи за акција за справување со сексуално вознемирување што вклучуваат превентивни активности. Тоа може да се направи со отстранување на табу-темата околу проблемот и обезбедување поддршка за оние што се погодени од неа. Ваквите мерки се поврзани со атмосферата против насилството на универзитетите, вклучително и повикување на ректорите, деканите, директорите на институти и раководители на катедри да дејствуваат одговорно и да заземат директен став против изразите и актите на сексуална дискриминација.

Целта на овој труд е насочена во правец на промоција и подобрување на превентивните механизми за заштита од сексуално вознемирување на универзитетите. Она што заслужува посебно внимание е тоа како да се охрабрат и да се поттикнат студентите да го пријавуваат сексуалното вознемирување. Безбедноста и благосостојбата на студентите и вработените што откриваат или пријавуваат сексуално вознемирување треба да бидат приоритет на универзитетите.

## КОРИСТЕНА ЛИТЕРАТУРА

1. Bastiani, F., Romito, P., Saurel-Cubizolles, M., (2018). Mental distress and sexual harassment inItalian university students. Archives of Women's Mental Health, Official Journal of the Section on Women's Health of the World Psychiatric Association, Springer.
2. Benbenishty, R., & Astor, R. A. (2005). *School violence in context: Culture, neighborhood, family, school, and gender.* Oxford University Press.
3. Bondestam, F., Lunqvist, M. (2020). Sexual Harassment in Higher Education - A systematic review. European Journal of Higher Education.
4. Cohen, M. Felson L. (1979). *Social Change and Crime Rate Trends: A Routine Activity Approach.* American Sociological Review
5. De Coster, S., Estes, S., Mueller, C., (1999). Routine Activities and Sexual Harassment in the Workplace. Work and occupations, Sage Journals.
6. DeSouza, E., & Solberg, J. (2004). Women's and Men's Reactions to Man-to-Man Sexual Harassment: Does the Sexual Orientation of the Victim Matter? *Sex Roles: A Journal of Research, 50*(9-10), 623–639.

7. Ferrer-Perez, V. (2014). The perception of sexual harassment at university, International Journal of Social Psychology.
8. Ferrer-Pérez, V., Bosch-Fiol, E., (2020). Sexual harassment at a Spanish public university: an examination of victims' experiences by gender and campus status. Journal of Gender Base Violence.
9. Fitzgerald, L., Weitzman, L., Gold, Y., and Ormerod, M. (1988). Academic Harassment: Sex and Denial in Scholarly Garb, Psychology of Women Quarterly 12.
10. Glick, P., & Fiske, S. T. (1996). The Ambivalent Sexism Inventory: Differentiating hostile and benevolent sexism. *Journal of Personality and Social Psychology, 70*(3), 491–512.
11. Gruber, J. E., & Fineran, S. (2007). The impact of bullying and sexual harassment on middle and high school girls. *Violence Against Women, 13*(6), 627–643.
12. Howard, G. L. (2007). The Sexual Harassment Handbook. Career Press.
13. Lindsay Brown M., Booth J., Messing J., Thaller J., (2015) Experiences of Online Harassment Among Emerging Adults: Emotional Reactions and the Mediating Role of Fear. Journal of interpersonal violence, SAGE.
14. Nikolic - Ristanovic, V., Copic, S. (2022) *Seksualno nasilje nad studentima na fakultetima u Srbiji*. Beograd [Nikolic - Ristanovic, V., Copic, S. (2022). Sexual violence against students at faculties in Serbia. Beograd].
15. O'Connell, C. E., & Korabik, K. (2000). Sexual harassment: The relationship of personal vulnerability, work context, perpetrator status, and type of harassment to outcomes. *Journal of Vocational Behavior, 56*(3), 299–329.
16. Pryor, J. B. (1987). Sexual harassment proclivities in men. *Sex Roles: A Journal of Research, 17*(5-6), 269–290.
17. Tangri, S., Burt, M., Johnson, L., (1982). Sexual Harassment at Work: Three Explanatory Models. The Society for the Psychological Study of Social Issues.
18. Wilson, F., Thompson, P. (2001). *Sexual Harassment as an Exercise of Power*. Gender, work and organization, Volume 8, Issue 1.
19. Wood, L., Hoefer, S., Kerwick, M., Cardona, J., Armendariz, N. (2018) Sexual Harassment at Institutions of Higher Education: Prevalence, Risk, and Extent. Journal of Interpersonal Violence, SAGE.
20. Цветковиќ, И., Дрндаревска, Д., Коцевска, Ј. (2019). Истражување на опсегот на родово засновано насилство врз жени и девојки на јавниот простор во општина Тетово. Коалиција Маргини.

**Associate Professor Dr. Ice Ilijevski**
**Associate Professor Angelina Stanojoska**
**Assistant Professor Ivona Shushak Lozanovska**

# ADVANCING THE MECHANISMS FOR PREVENTION AND PROTECTION FROM SEXUAL HARASSMENT AT UNIVERSITIES IN NORTH MACEDONIA

**Abstract**

Sexual harassment at universities is an important threat to the well-being and working and studying conditions of professors and students at the universities. Furthermore, it is a serious problem with many emotional and physical consequences for victims.

The paper's aim is to propose steps for making better the mechanisms for prevention and protection of individuals from sexual harassment at universities in North Macedonia through researching the key concepts, harmonizing the legal procedures and standards, education for prevention, raising the level of understanding the need for reporting, mechanisms for reporting, and services for responsibility and sanctioning. The most important thing is to build a secure and inclusive environment for equal possibilities in education, and suppression of negative consequences and harms.

The paper underlines the importance of comprehensive mechanisms for making universities a place that will be free of dangers, such as sexual harassment.

**Key words:** sexual harassment, prevention, mechanisms, universities.